Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 септември 2004 година.

Бр. 07-3909/1
29 септември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за државните службеници (“Службен весник на Република Македонија” број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003 и 17/2004), во членот 3 став (5) по зборовите: “Агенцијата за разузнавање” се додаваат зборовите: “Управата за јавни приходи”.

Член 2

Главата VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ, по членот 95 се додаваат два нови члена 95-а и 95-б, кои гласат:

“Член 95-а

(1) Заради примена на начелото на соодветна и правична застапеност и за вработување на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон, како стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници преку спроведување на обука за работа во државната служба, Владата на Република Македонија донесува посебна одлука.

(2) Со одлуката од ставот (1) на овој член особено се уредуваат огласувањето на потребата за вработување на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон, распишувањето на оглас за пријавување на кандидати за следење на обуката за работа во државната служба,

спроведувањето на обука, утврдување на орган задолжен да изврши селекција на пријавените кандидати, утврдување на услови кои треба да ги исполнат кандидатите, дефинирање на критериумите врз основа на кои се врши селекција на пријавените кандидати, утврдување на субјект задолжен да ја организира и спроведе обуката, утврдување на периодот за кој се спроведува обуката и друго.

(3) За припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија кои успешно завршиле обука за стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници, успешната обука се смета за положен стручен испит, како и приправнички испит и истите нема да го полагаат испитот утврден со членот 12 од овој закон.

(4) Припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија кои успешно ќе ја завршат обуката за стручни државни службеници и стручно-административни државни службеници, се вработуваат и распоредуваат во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон без објавување на јавен оглас и за истите не се применуваат одредбите од членовите 11, 12, 13, 14 и 15 на овој закон.

(5) Распоредувањето на стручните државни службеници и стручно-административните државни службеници од ставот (4) на овој член во органите од членот 3 ставови (2) и (3) на овој закон го врши Владата на Република Македонија.

Член 95-б

Спроведувањето на обуката за работа во државната служба за припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија и нивното вработување од членот 95-а на овој закон ќе се применува до 31 декември 2006 година."

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".